РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-991/8
19-10-2020 г./v.

Врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од подносителот ------- на продолжението на 39-та седница одржана на 15.10.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-3643/1 од 23.07.2019 година оформен по пријава од подносителот ----------- доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-3643/1 од 23.07.2019 година, поради тоа што наводите во пријавата не се потврдени.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-3643/1 од 23.07.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот ------.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневања за незаконитости во постапка за утврдување на штета направена од страна на лицето ------ од село ------ кој извршил сечење на разни видови овошни дрва на имот кој се наоѓа на КП бр. 4051 МБ Долна Маала во КО ---- во сопственост на ---------.

Со цел проверка на основаноста на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК достави Барање за прибирање на податоци и информации со број 12-991/3 од 07.05.2020 година со кое побара од Основниот суд ------ да достави копие од донесената Пресуда по предметот П4-74/17 оформен по тужба на тужителите ----------- од ------ против тужениот --------- од с.-----по основ надомест на штета во вредност од 436.780,00 денари.

Истотака, ДКСК со Барање за прибирање податоци и информации со број 12-991/4 од 07.05.2020 година побара од Градоначалникот на општина --------да достави информација за тоа кои биле причините за преземање од страна на лицето ---------- на дејствија -сечење на разни видови овошни дрва на КП бр. 4051 МБ Долна Маала во КО ------на имот кој се наоѓа во сопственост на --------- и дали овластени лица од општината постапиле по поднесената пријава од страна на ------------, дали направиле

увид на местото на настанот и кои се констатациите од утврдената фактичка состојба во овој настан, како и други релевантни информации поврзани со конкретниот настан.

Од двете институции во законски утврдениот рок беше доставен одговор по барањето на ДКСК. Во одговорот доставен од општина -------- е наведено дека оштетените сопственици ---------- воопшто не се обратиле до Општина -------- и општината нема заведено предмети и нема постапувано по наводи кои се посочени во пријавата која е доставена до ДКСК.

По разгледување на наводите во пријавата и прибавените податоци од другите надлежни институции, ДКСК го утврди следното:

- Основниот суд Гевгелија постапувал по предмет поведен по тужба на -----------, синови на подносителот на пријавата, кој утврдил дека тужителите се сосопственици на КП бр. 4051 КО ----- во с. --. Истотака утврдил дека источно од парцелата на тужителите се наоѓа парцелата на ------- од Удово, кој повеќе години наназад живеел во Германија и цела 2017 година не дошол во земјата. Тој во својство на продавач склучи преддоговор за купопродажба на имот со купувачот ---------- и презел обврска да ја отуѓи недвижноста на КП бр. 4043/1 во површина од 1.459 м2 запишана во ИЛ бр. 11026 КО -----. Со денот на склучување на преддоговорот двете страни биле согласни лицето ---------- да му го предаде имотот во владение на купувачот.
- Дел од КП 4043/1 површина од 374 м2 ----------- ја имале во фактичка власт и владение се до денот кога по барање на новиот купувач -------- неговиот татко -------- ги исекол овошните дрва што биле засадени на наведениот дел од парцелата на почетокот на месец февруари 2017 година. Пред да се пристапи кон сечење на овошните дрва на дел од КП 4043/1 на површина од 374 м2 по барање на ------ било побарано да се изврши премер на парцелата за која бил склучен преддоговор за купопродажба на КП бр. 4043/1 КО --------. Премерот направен од овластена градежна куќа бил извршен повеќе пати и притоа било констатирано дека на дел од парцелата на тужениот што била предмет на преддоговор за купопродажба, мајката на ------------- извршила заземување на површината од 374 м2, засадувајќи овошен насад и поставувајќи ограда од плетена жица во правец север-југ. Откако било утврдено дека ----------- со засадените овошни насади навлегле во површината на ---------- за 374 м2 имало и навлегување и на друг сосед за површина од 61 м2 на која површина имал засадено лозов насад, кој по одбиена опомена преку адвокат тој го отстранил насадот. Новиот купувач ---------- ги известил ------------- за денот на сечење на дрвата каде присуствувала нивната мајка. На површината од 374 м2 по исечување на овошните дрва и отстранување на оградната мрежа од страна на таткото на ------------- ангажирал работни машини, извршил рамнење на површината од која бил отстранет овошниот насад, како и на површината што доброволно ја ослободил соседот -------------. Судот утврдил дека --------- неможел да биде тужена странка по оваа правна работа од причини што не презел ниту едно дејствие на непосредно сечење на овошните дрва ниту ангажирал друго лице тоа да го стори, а исто така не презел дејствија на отстранување на оградната мрежа по цела ширина на површината север југ за да понатаму се ангажираат работни машини за рамнење на површината, како и нејзино припојување кон КП 4043/1 и нејзино оградување од сите страни. Судот утврдил дека ---------- нема вина за исечените овошни дрва, ниту учествувал во нивното сечење непосредно тоа го направил таткото на новиот купувач -----------. Со оглед

дека -------- не е виновен за сечење на овошните дрва со исечувањето на истите причинетата штета не е должен да ја надомести на тужителите --------------.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во конкретниот случај постапил надлежен орган (Основен суд Гевгелија) согласно своите законски надлежности ја утврдил фактичката состојба и донел соодветна одлука. Оттаму, ДКСК заклучи дека наводите во пријавата не се потврдени и нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметниот случај. Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: м-р И.П
Одобрил: м-р Ш.С., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**